2019

ЈРП Македонска
Радио Телевизија

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ЈРП МРТ ВО ПЕРИОДОТ 01.10 - 31.12.2019 Г

IV Квартал

**СОДРЖИНА**

ВОВЕД ... 3

ОСТВАРЕН ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈРП МРТ ВО ПЕРИОДОТ од 01. 10 - 31.12. 2019 година ... 3

ПРИХОДИ ... 4

ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ ВО ЈРП МРТ ЗА ПЕРИОД 01.10 – 31.12.2019 ГОДИНА ... 5

ТРОШОЦИ ... 6

ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ И ОСТВАРЕНИ ТРОШОЦИ ПО ГРУПИ ВО ЈРП МРТ ВО ПЕРИОД 01.10-31.12.2019 ГОДИНА ... 6
Трошоци за вработените ... 6
Патни и транспортни трошоци ... 7
Заеднички трошоци ... 7
Програмски права ... 9
Останати трошоци од работење ... 10
Инвестиции ... 10

АНАЛИТИЧКИ ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ТРОШОЦИ НА ЈРП МРТ ВО ПЕРИОД 01.10 - 31.12.2019 ГОДИНА ... 10

Состојба на жиро сметки на ЈРП МРТ на 31.12.2019г. ... 15

СОСТОЈБА НА ПОБАРУВАЊАТА НА ЈРП МРТ НА 31.12.2019 ГОДИНА СО РЕКАПИТУЛАР НА ВКУПНИТЕ ПОБАРУВАЊА ВО ЗЕМЈАТА И СТРАНСТВО ... 15

Побарувања од купувачите во земјата ... 16
Побарувања од купувачите во странство ... 16

РЕКАПИТУЛАР НА ВКУПНИТЕ ОБВРСКИ НА ЈРП МРТ НА 31.12.2019 ГОДИНА ... 17

СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈРП МРТ НА 31.12.2019 ГОДИНА ... 18

# ВОВЕД

Македонската Радио Телевизија како јавен радиодифузен сервис, преку своите радио и ТВ канали, подготвува и емитува програма од областа на информирањето, образованието, науката, културата и уметноста, документарна и играна програма како и програма со музичко – забавни содржини на македонски јазик, на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните, кој е различен од македонскиот јазик како и на јазикот на другите немнозински заедници. Преку радио и ТВ сателит и/или интернет, со 24 часовно времетраење, програмата на МРТ е достапна до гледачите и слушателите во европските и прекуокеанските земји.

Согласно член 5 од Законот за јавни претпријатија, ЈРП Македонска Радио Телевизија изготвува тримесечни извештаи со показатели за финансиското работење.

За реализација на програмските содржини во четвртото тримесечје од 2019 година, Македонска радио телевизија оствари приходи во вкупен износ од  240.162.984 денари и расходи во износ од 974.627.511 денари.

**ОСТВАРЕН ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈРП МРТ ВО ПЕРИОДОТ од 10 до 12 м. 2019 година**

| ОПИС | Остварување 01.10.-31.12.2018г. | | Финансиски план 2019г. | | Остварување 01.10.-31.12.2019г. | | индекс | индекс |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | износ | стр. | износ | стр. | износ | стр. | 6/2*100 | 6/4*100 |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
| **А.ВКУПЕН ПРИХОД** | **233,625,681** | **100.0** | **932,500,000** | **100.0** | **240,162,984** | **100.0** | **102.8** | **25.8** |
| **Б.ВКУПНИ ТРОШОЦИ** | **455,091,162** | **194.8** | **876,000,000** | **93.9** | **974,627,511** | **405.8** | **214.2** | **111.3** |
| Трошоци за вработени | 92,345,594 | 39.5 | 412,700,000 | 44.3 | 114,141,221 | 47.5 | 123.6 | 27.7 |
| Патни трошоци | 2,068,775 | 0.9 | 10,220,000 | 1.1 | 3,858,290 | 1.6 | 186.5 | 37.8 |
| Заеднички трошоци | 289,629,148 | 124.0 | 256,230,000 | 27.5 | 766,152,677 | 319.0 | 264.5 | 299.0 |
| Програмски права | 54,075,379 | 23.1 | 139,500,000 | 15.0 | 76,091,128 | 31.7 | 140.7 | 54.5 |
| Останати трошоци од работење | 16,972,266 | 7.3 | 57,350,000 | 6.2 | 14,384,195 | 6.0 | 84.8 | 25.1 |
| **ФИНАН.РЕЗУЛТАТ (А-Б)** | **-221,465,481** | | **56,500,000** | | **-734,464,527** | | | |
| | | | | | | | | |
| **ИНВЕСТИЦИИ** | | | | | | | | |
| Набавка на опрема | 5,847,292 | | 56,500,000 | | 46,147,630 | | 789.2 | 81.7 |
| **Вкупно** | **5,847,292** | | **56,500,000** | | **46,147,630** | | 789.2 | 81.7 |
| | | | | | | | | |
| **ВКУПНО РАСХОДИ И ИНВЕСТИЦИИ** | **460,938,454** | | **932,500,000** | | **1,020,775,141** | | **221.5** | **109.5** |

Сите групи на трошоци се реализирани во рамките на планираните износи освен во категоријата на Заеднички трошоци на МРТ каде има зголемена реализацијата во однос на планираниот износ на трошоци и тоа во делот на ставката вредносно усогласување/исправка на вредноста на побарувањата кое исклучиво произлегува од ненаплатената радиодифузна такса, обврска која согласно Закон за ААВМУ е на Управата за јавни приходи која пак, во изминатите 3 години не презема никакви мерки и активности за наплата на РДТ. Овие побарувања согласно евиденцијата на МРТ изнесуваат приближно 33 милиони евра.

Поради овие причини и степенот на несигурност за наплата на овие побарувања како и поради непочитувањето на законските одредби од страна на УЈП, а согласно Меѓународните стандарди за финансиско известување (МСФИ/МСС), МРТ прави целосна исправка на побарувањата во износ од 703.071.769 денари кои ги има по основ на ненаплатена Радиодифузна такса.

Оваа ставка е исклучиво сметководствена категорија која нема да ја наруши ликвидноста во работењето и нема да предизвика дополнителни финансиски трошоци или пак други финансиски обврски во иднина.

Доколку пак, во наредниот период по овој основ има наплата, за тој износ ќе бидат искажани приходи.

Како резултат на добро планирање и економично работење, МРТ секоја година континуирано ги намалува долговите и само во 2019 година вкупниот износ на обврски кон комитенти е намален за 177.661.330 денари, каде во табелата подолу детално е наведено во кои ставки е вкупниот износ на намалувањето на обврските.

Во период од 2013 година до 2019 година вкупниот долг на МРТ е намален за повеќе од 14 милиони евра.

## ПРИХОДИ

Во периодот октомври - декември 2019 година по сите основи реализирани се приходи во вкупен износ од 240.162.984 денари.

Основен извор на финансирање на работењето на МРТ е приходот за финансирање на радиодифузна дејност, средства кои МРТ ги добива од Буџетот на РСМ – Министерство за информатичко општество и администрација. Во анализираниот период овој приход е остварен во износ од 223.500.000 денари или 93.1% од вкупно реализираниот приход во 2019 година.

Приходот остварен по основ на закупнини изнесува 100.228 денари што е реализација од 20.0% во однос на планираните приходи за 2019 година за оваа намена.

Приходите од услуги во странство (користење на коментаторски позиции, ISDN линии и слично) како и услуги во земјата (користење на студијата, преснимување на материјали, ангажирање на вработени за извршување на работи од заеднички интерес со останатите институции во кулата) и останати услуги во земјата, во четвртиот квартал од 2019 година се

остварени во вкупен износ од 1.097.470 денари или 0.46%. од вкупниот приход остварен во анализираниот период.

Ставката останати деловни приходи има реализација во износ од 11.476.814 денари, односно 76.5% во однос на вкупно планираните приходи за оваа намена, а истата опфаќа приходи од позитивни курсни разлики, приходи од камати, дополнитено утврдени приходи од минати години, отпишани обврски, наплатени отпишани побарувања, приходи од субвенции по договор и друго. Во вкупно остварените приходи за четвртото тримесечје од 2019 година овие приходи учествуваат со 4,8%.

По основ на приходи од судски одлуки остварени се 139.777 денари а по основ на приходи од донации остварувањето изнесува 749.944 денари.

Приходот од маркетинг (РА и ТВ реклами и услуги, спонзорства и сл.) е остварен во износ од 3.098.751 денар што е реализација од 25,0% на планираните средства во Финансискиот план за 2019 година за оваа намена.

**ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ ВО ЈРП МРТ ЗА ПЕРИОД 01.10 – 31.12.2019 ГОДИНА**

| ПРИХОДИ | Остварени приходи 01.10-31.12.2018 год. | Планирани приходи за 2019 г. | Остварени приходи 01.10-31.12.2019 год. | Индекс 4/2*100 | Индекс 4/3*100 | Структура |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| Приходи од Буџет на РСМ за финансирање на радиодифузна дејност | 221,637,498 | 894,000,000 | 223,500,000 | 100.8 | 25.0 | 93.1 |
| Закупнини | 87,376 | 500,000 | 100,228 | 114.7 | 20.0 | 0.0 |
| Приходи од услуги во земјата | 2,612,914 | 3,000,000 | 689,752 | 26.4 | 23.0 | 0.3 |
| Приходи од услуги во странство (технички услуги, отстапени права, ISDN линии и сл.) | 218,611 | 2,000,000 | 407,718 | 186.5 | 20.4 | 0.2 |
| Останати деловни приходи (приходи од камати, позитивни курсни разлики,отпишани обврски),дополнително утврдени приходи од претходни години и др. | 5,765,115 | 15,000,000 | 11,476,814 | 199.1 | 76.5 | 4.8 |
| Приходи од наплата по судски одлуки | 9,668 | 2,000,000 | 139,777 | 1,445.8 | 7.0 | 0.1 |
| Приходи од донации, продажба на програма и услуги | 752,252 | 3,000,000 | 749,944 | 99.7 | 25.0 | 0.3 |
| Продажба на рекламно време (маркетинг) | 2,542,247 | 13,000,000 | 3,098,751 | 121.9 | 23.8 | 1.3 |
| **СЕ ВКУПНО:** | **233,625,681** | **932,500,000** | **240,162,984** | **102.8** | **25.8** | **100.0** |

# ТРОШОЦИ

Во текот на периодот октомври - декември 2019 година, во работењето на ЈРП МРТ остварени се трошоци во вкупен износ од 974.627.511 денари.

**ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ТРОШОЦИ ПО ГРУПИ НА ЈРП МРТ ВО ПЕРИОД 01.10-31.12.2019 ГОДИНА**

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.10-31.12.2018г. | Финансиски план 2019г. | Остварување 01.10-31.12.2019г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| Трошоци на вработените | 92,345,594 | 412,700,000 | 114,141,221 | 123.6 | 27.7 |
| Патни и транспортни трошоци | 2,068,775 | 10,220,000 | 3,858,290 | 186.5 | 37.8 |
| Заеднички трошоци | 289,629,148 | 256,230,000 | 766,152,677 | 264.5 | 299.0 |
| Програмски права | 54,075,379 | 139,500,000 | 76,091,128 | 140.7 | 54.5 |
| Останати трошоци од работење | 16,972,266 | 57,350,000 | 14,384,195 | 84.8 | 25.1 |
| **А. ВКУПНО ТРОШОЦИ:** | **455,091,162** | **876,000,000** | **974,627,511** | **214.2** | **111.3** |
| | | | | | |
| **ИНВЕСТИЦИИ** | | | | | |
| | | | | | |
| **Набавка на опрема** | 5,847,292 | 56,500,000 | 46,147,630 | 789.2 | 81.7 |
| | | | | | |
| **Б. ВКУПНО ИНВЕСТИЦИИ:** | **5,847,292** | **56,500,000** | **46,147,630** | **789.2** | **81.7** |
| | | | | | |
| **ВКУПНИ РАСХОДИ (А+Б)** | **460,938,454** | **932,500,000** | **1,020,775,141** | **221.5** | **109.5** |

## Трошоци за вработените

Групата Трошоци за вработени во четвртото тримесечје од 2019 година бележи остварување во вкупен износ од 114.141.221 денар или 27,7% од средствата планирани за оваа намена. Оваа група на трошоци ги опфаќа трошоците за бруто плати на вработените кои во анализираниот период изнесуваат 103.593.207 денари. Овие трошоци се зголемени во однос на остварувањето во истиот период од минатата 2018 година што се должи на зголемувањето на минималната плата на вработените во МРТ во нето износ од 3.500 денари за секој вработен почнувајќи од месец Јули а кое зголемување е во согласност со новиот Колективен договор на МРТ. Тука спаѓаат и трошоците за регрес за годишен одмор во износ од 8.862.568 денари, трошоците за отпремнина на вработените кои оствариле право на пензија и кои изнесуваат 864.586 денари, за задолжителни здравствени прегледи во износ од 535.200 денари, потоа трошоците во износ од 160.218 денари за едукација на вработените (разни обуки, посета на семинари и слично) како и трошоците за останати - други лични примања на вработените во износ од 125.442 денари, ставка која опфаќа дадена парична помош во случај на смрт на вработен во МРТ или на член на потесно семејство, парична помош при непрекинато боледување подолго од шест месеци и слично. Просечната нето плата по работник за периодот 10 -12 месец 2019 година изнесува 29.792 денари.

## Патни и транспортни трошоци

Групата патни и транспортни трошоци е остварена во вкупен износ од 3.858.290 денари и истата е реализирана со 37,8 % во однос на вкупно планираните средства со Годишниот финансиски план за 2019 година за оваа намена.

Во оваа група на трошоци со остварување во поголем обем се издвојуваат трошоците за дневници и ноќевања за службени патувања на екипите на МРТ во земјата и странство за реализација на програмски цели и истите изнесуваат вкупно 2.427.300 денари, како и трошоците за превоз за службени патувања надвор од земјата во износ од 1.192.431 денар. Од патувања во странство за реализирање на програмски цели позначајни се патувањата на екипите на МРТ во: Сараево – следење на светска конференција на ОН за демографски политики, Тирана – снимање на емисијата Мотив, Брисел – следење на Европски совет за пристапни преговори, Кукс – присуство на 60 годишен јубилеј на радио Кукс, Сараево – регионална конференција за декадата на Ромите 2020 година, Полска – учество на Јуниорски евросонг 2019 година, Виена – известување од фудбалски натпревар за Европско првенство, Америка – присуство на самит за иновативна технологија, Приштина – подготовки за реализирање на новогодишна програма и снимање на спортска репортажа, Солун – годишен самит, Драч - известување за земјотресот, Лондон – известување од Самит на НАТО, Женева – присуство на Генерално Собрание на ЕБУ, Едрене – учество на панел за денот на образованието на турски јазик и друго.

Во оваа група на трошоци се вбројуваат и трошоците реализирани во врска со следење на активностите на државниот врв на РСМ во Тирана, Париз, Брисел, Белград, Нови Сад, и итн.

## Заеднички трошоци

Во четвртиот квартал од 2019 година групата на заеднички трошоци бележи остварување во вкупен износ од 766.152.677 денари. Оваа група ги опфаќа:

- трошоците за суровини и материјали како електричен, технички материјал, материјал за кулиси и декор, за поправка и одржување со вкупно остварување од 2.111.879 денари,
- трошоците за останати материјали како канцелариски материјал, материјали за возен парк, заштитна облека и обувки со вкупна реализација од 553.680 денари,
- трошоците за енергија - електрична, топлотна, гориво и мазиво во вкупен износ од 10.949.305 денари,
- ситен инвентар и автогуми во износ од 1.925.818 денари,
- трошоците за телефонски и поштенски услуги како фиксна и мобилна телефонија и интернет во вкупен износ од 649.761 денар и трошоците за реализација на радио и ТВ преноси - аудио и видео линии во износ од 5.420.033 денари.
- остварување во рамки на планираните средства бележат и трошоците за одржување и заштита во кои се вбројуваат трошоците за инвестиционо и тековно одржување на

основните средства и градежните објекти во вкупен износ од 5.291.074 денари, трошоците за обезбедување на имот и лица кои изнесуваат 1.702.900 денари, трошоците за одржување хигиена во просториите во износ од 1.101.648 денари, како и трошоците за одржување на возилата на МРТ во износ од 290.345 денари и трошоците за одржување на ВЕБ страната на МРТ во износ од 416.750 денари,

- групата на комунални услуги – трошоци за вода, ѓубретарина, дератизација и слично е остварена во вкупен износ од 1.155.882 денари, исто така во рамки на планираниот износ,
- за останати услуги од работењето, односно за објава на огласи и конкурси, за шпедитерски услуги, за регистрација на моторни возила и слично реализирани се трошоци во вкупен износ од 280.885 денари.
- за опремата која се користи во МРТ пресметани се трошоци за амортизација на основни средства и истите изнесуваат 15.787.742 денари. Трошоците за резервирање по основ на судски спорови изнесуваат 5.620.328 денари а се однесуваат на трошоци за дополнително пресметана камата и судски трошоци за 2019 година согласно судска пресуда во спор со ММИ,
- вредносно усогласување на побарувања од РДТ и обезвреднување на нетековни и тековни средства е сметководствена категорија која за 2019 година изнесува 703.636.113 денари, а реализацијата во најголем дел произлегува од ненаплатените побарувања по основ на радиодифузна такса кои всушност го зголемуваат обемот на вкупно реализирани трошоци во 2019 година, што пак придонесува за остварен негативен финансиски резултат во анализираниот период. Имено, согласно спроведувањето на МСС стандардите, беше потребно да се изврши вредносно усогласување на побарувања од кои по основ на ненаплатена РДТ се вкупно 703.071.769 денари, поради тоа што со укинувањето на радиодифузната такса како јавна давачка во 2017 година (сл.весник 132/17) и непреземање на конкретни мерки за извршување на законската обврска од страна на УЈП, наплатата на побарувањата кои МРТ ги има по овој основ се реализираше во многу низок процент а исто така и нејзината понатамошна реализација останува неизвесна,
- трошоците за банкарски услуги се остварени во износ од 165.286 денари и истите опфаќаат реализација на платен промет во земјата и странство,
- за надомест за членовите на Програмскиот совет и Надзорниот одбор на МРТ реализирани се трошоци во износ од 1.988.287 денари и истите се пресметуваат согласно Законот за ААМУ,
- Дополнително утврдените расходи од минати години остварени со износ од 1.394.495 денари опфаќаат расходи по основ на фактури доставени од комитентите во анализираниот период а се однесуваат на договори склучени во минати години.
- камати од работење е ставка која во четвртиот квартал од 2019 година бележи реализација во вкупен износ од 4.301.083 денари и истата произлегува од пресметани камати за судски спорови по обврски од минати години спрема правни лица чија

разрешница е во тековната 2019 година како и пресметани камати по основ на склучени спогодби за плаќање на долговите на рати и камати за јавни давачки.

### Програмски права

Групата на трошоци за откуп на програмски права за емитување на програма во периодот октомври-декември е остварена во вкупен износ од 76.091.128 денари што претставува 54,5% реализација на планот за 2019 година за оваа намена.

За откуп на права за пренос и емитување на спортски настани реализацијата на трошоци во анализираниот период изнесува 3.903.841 денари и истата се однесува на пристигнати фактури по основ на откуп на права за пренос и емитување на IAAF – Светско првенство во атлетика 2019 година, откуп на права за пренос и емитување на Европско првенство во одбојка 2019 година, права за пренос на кошаркарски натпревари, партиципации за спортски права и друго.

За откуп на програма од независни продуценти реализирани се трошоци во износ од 1.814.250 денари и тоа за откуп на права за емитување на серијал информативни емисии за Прв програмски сервис.

Ставката останати програмски права е реализирана во износ од 17.381.445 денари и таа во овој период опфаќа трошоци за размена на вести односно координација на радио вести и радио спорт од странство, трошоци за откуп на права за емитување на ТВ проектот 5+ Фамилија на македонски и на албански јазик (трета и четврта сезона), ТВ серија Преспав (прва и втора сезона), ТВ проект Пријатели на модата, емисии за деца со наслов Арт Крафт, едукативен серијал за млади Факте, ТВ магазин за родители и деца со наслов Моето дете, ТВ магазин за екологија со наслов Екобаланс, забавна емисија Чирак, ТВ емисии со наслов Урбан Соул, ТВ серијал со наслов Тие, документарен серијал Ромите во Македонија и друго.

Трошоците за копродукциски проекти изнесуваат 45.972.428 денари и опфаќаат реализација на договори за заедничка соработка со комитенти за снимање и емитување на серијали од најразновидни жанрови како и за реализација на емисии од областа на модата, музиката, сообраќајот, забавно-контактни емисии, детски емисии, (ТВ серија Преспав – производство и емитување на четврта сезона и новогодишна емисија, ТВ серија 5+ Фамилија на македонски и на албански јазик – производство и емитување на петта сезона, ТВ серијал Дајте музика, ТВ емисии со наслов Компромис, ТВ проект Тунел и други).

Трошоците во износ од 6.711.730 денари се однесуваат на откуп на права за емитување на детски анимирани серии (Дора истражува, Диего и сл.) како и филмови и серии со најразлични жанрови.

### Останати трошоци од работење

Оваа група на трошоци бележи вкупна реализација по пристигнати фактури во износ од 14.384.195 денари. Истата ги опфаќа трошоците за ангажирање на надворешни лица преку авторска агенција за склучување на авторски договори и договори за соработка остварени во износ од 4.119.740 денари, трошоците за интелектуални услуги во вкупен износ од 1.507.512 денари каде со поголема реализација се јавуваат трошоците за превод и обработка на откупена странска филмска и останата програма, потоа трошоците во износ од 1.013.477 денари реализирани за јуниорскиот Евросонг како и трошоците за годишни членарини – ЕБУ, ЦИРКОМ во износ од 2.325.428 денари и трошоците за мало авторско право ЗАМП во износ од 3.356.718 денари.

### Инвестиции

Во делот на инвестициони активности, во анализираниот период набавени се монитори за репортажни возила, опрема за осветлување, камери, стативи и микрофони за дописништвата на МРТ во РСМ кај кои исто така е направена рекострукција на ламинатските подови, потоа набавен е уред за пренос на видео сигнал, систем за повеќејазично титлување, систем за трајно архивирање и други видови студиска опрема, потоа клими, агрегат и сл. и сето тоа во вкупен износ од 46.147.630 денари.

## АНАЛИТИЧКИ ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ТРОШОЦИ НА ЈРП МРТ ВО ПЕРИОД 01.10 - 31.12.2019 ГОДИНА

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.10-31.12.2018г. | Финансиски план 2019г. | Остварување 01.10-31.12.2019г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| **Трошоци за вработените** | | | | | |
| ***1) Трошоци за вработените*** | | | | | |
| Бруто плати основна плата,даноци,придонеси,минат труд,празнична,ноќна,г.о., боледување,платено отсуство | 91,453,899 | 400,000,000 | 103,593,207 | 113.3 | 25.9 |
| Регрес за годишен одмор | 0 | 9,000,000 | 8,862,568 | 0.0 | 98.5 |
| Отпремнина за одење во пензија | 692,738 | 1,700,000 | 864,586 | 124.8 | 50.9 |
| Други лични примања (останати надоместоци на вработени, помош во случај на смрт на вработен или на член на семејство) | 98,898 | 800,000 | 125,442 | 126.8 | 15.7 |
| Трошоци за здравствени услуги | 0 | 800,000 | 535,200 | 0.0 | 66.9 |
| Трошоци за едукација | 100,059 | 400,000 | 160,218 | 160.1 | 40.1 |
| **Вкупно 1- Трошоци за вработените** | **92,345,594** | **412,700,000** | **114,141,221** | **123.6** | **27.7** |
| **Патни и транспортни трошоци** | | | | | |
| ***2)Патни трошоци*** | | | | | |
| Дневници и ноќевања за службени патувања во земјата | 366,349 | 1,850,000 | 512,200 | 139.8 | 27.7 |

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.10-31.12.2018г. | Финансиски план 2019г. | Остварување 01.10-31.12.2019г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| Дневници и ноќевања за службени патувања во странство | 714,509 | 4,900,000 | 1,915,100 | 268.0 | 39.1 |
| Превоз за службени патувања во земјата | 2,440 | 100,000 | 5,279 | 216.4 | 5.3 |
| Превоз за службени патувања во странство | 196,474 | 1,900,000 | 1,192,431 | 606.9 | 62.8 |
| Сопствено возило за службени потреби | 0 | 270,000 | 92,799 | 0.0 | 34.4 |
| Услуги за патарина,останати услуги од патувања | 68,135 | 300,000 | 68,041 | 99.9 | 22.7 |
| **Вкупно 2** | **1,347,907** | **9,320,000** | **3,785,850** | **280.9** | **40.6** |
| ***3)Транспортни услуги*** | | | | | |
| Услуги за такси превоз и останати транспортни услуги | 720,868 | 900,000 | 72,440 | 10.0 | 8.0 |
| **Вкупно 3** | **720,868** | **900,000** | **72,440** | **10.0** | **8.0** |
| **Вкупно патни и транспортни трошоци** | **2,068,775** | **10,220,000** | **3,858,290** | **186.5** | **37.8** |
| **Заеднички трошоци** | | | | | |
| ***4)Трошоци за суровини и материјали*** | | | | | |
| Електричен материјал | 30,328 | 2,000,000 | 586,839 | 1,935.0 | 29.3 |
| Технички материјал | 217,012 | 1,500,000 | 1,037,375 | 478.0 | 69.2 |
| Материјал за кулиси и декор | 0 | 1,800,000 | 355,970 | 0.0 | 19.8 |
| Материјал за реквизита | 0 | 200,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Разни прехранбени и други материјали за снимање | 0 | 350,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Материјал за поправка и одржување | 456,320 | 1,500,000 | 131,695 | 28.9 | 8.8 |
| **Вкупно 4** | **703,660** | **7,350,000** | **2,111,879** | **300.1** | **28.7** |
| ***5)Трошоци за останати материјали*** | | | | | |
| Канцелариски материјал | 150,804 | 1,700,000 | 325,870 | 216.1 | 19.2 |
| Материјал за возен парк и останати материјали | 33,304 | 300,000 | 44,488 | 133.6 | 14.8 |
| Други потрошни материјали | 0 | 10,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Заштитна облека и обувки, ХТЗ опрема | 4,616 | 350,000 | 183,322 | 3,971.4 | 52.4 |
| **Вкупно 5** | **188,724** | **2,360,000** | **553,680** | **293.4** | **23.5** |
| ***6)Трошоци за енергија*** | | | | | |
| Трошоци за електрична енергија | 4,181,549 | 18,400,000 | 7,162,016 | 171.3 | 38.9 |
| Трошоци за топлотна енергија | 3,366,479 | 13,600,000 | 2,522,719 | 74.9 | 18.5 |
| Трошоци за гориво и мазиво | 867,516 | 4,000,000 | 1,264,570 | 145.8 | 31.6 |
| Останати трошоци за користење енергија (мерење на потрошувачка на електрична енергија) | 0 | 300,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 6** | **8,415,544** | **36,300,000** | **10,949,305** | **130.1** | **30.2** |
| ***7)Трошоци за ситен инвентар и авто гуми*** | | | | | |
| Ситен инвентар и автогуми | 69,994 | 2,250,000 | 1,925,818 | 2,751.4 | 85.6 |
| **Вкупно 7** | **69,994** | **2,250,000** | **1,925,818** | **2,751.4** | **85.6** |
| ***8)Поштенски, телефонски услуги, интернет, аудио и видео линии*** | | | | | |
| Телефонски трошоци-фиксна телефонија | 78,212 | 700,000 | 86,650 | 110.8 | 12.4 |
| Телефонски трошоци-мобилни телефонија | 613,750 | 2,300,000 | 464,969 | 75.8 | 20.2 |
| Трошоци за интернет | 12,980 | 700,000 | 46,152 | 355.6 | 6.6 |

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.10-31.12.2018г. | Финансиски план 2019г. | Остварување 01.10-31.12.2019г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| Поштарина | 53,575 | 300,000 | 51,990 | 97.0 | 17.3 |
| Трошоци за користење на аудио и видео линии | 2,731,922 | 12,000,000 | 5,420,033 | 198.4 | 45.2 |
| **Вкупно 8** | **3,490,439** | **16,000,000** | **6,069,794** | **173.9** | **37.9** |
| ***9)Услуги за одржување и заштита*** | | | | | |
| Агенциски услуги за обезбедување на објектите на МРТ | 1,182,316 | 4,200,000 | 1,702,900 | 144.0 | 40.5 |
| Инвестиционо и тековно одржување на основни средства | 590,000 | 11,300,000 | 3,588,237 | 608.2 | 31.8 |
| Инвестиционо и тековно одржување на градежни објекти | 18,000 | 10,350,000 | 1,702,837 | 9,460.2 | 16.5 |
| Одржување на возила | 266,432 | 3,100,000 | 290,345 | 109.0 | 9.4 |
| Одржување на ситен инвентар и автогуми | 31,468 | 150,000 | 5,547 | 17.6 | 3.7 |
| Други услуги за одржување | 0 | 20,000 | 726 | 0.0 | 3.6 |
| Услуги за одржување на ВЕБ страна на МРТ | 263,842 | 1,000,000 | 416,750 | 158.0 | 41.7 |
| Агенциски услуги за одржување хигиена | 546,816 | 3,200,000 | 1,101,648 | 201.5 | 34.4 |
| **Вкупно 9** | **2,898,874** | **33,320,000** | **8,808,990** | **303.9** | **26.4** |
| ***10)Комунални услуги*** | | | | | |
| Гаражирање и паркирање на возила | 1,130 | 40,000 | 780 | 69.0 | 2.0 |
| Дератизација и дезинфекција | 63,450 | 300,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за ѓубретарина | 276,452 | 1,200,000 | 347,665 | 125.8 | 29.0 |
| Трошоци за вода | 850,304 | 3,600,000 | 807,437 | 95.0 | 22.4 |
| **Вкупно 10** | **1,191,336** | **5,140,000** | **1,155,882** | **97.0** | **22.5** |
| ***11)Останати услуги од работењето*** | | | | | |
| Заверка на пасоши,визи и слично | 10,780 | 150,000 | 92,594 | 858.9 | 61.7 |
| Трошоци за огласи и конкурси | 159,350 | 500,000 | 138,184 | 86.7 | 27.6 |
| Трошоци за регистрација на возила,полномоштва и друго | 16,803 | 400,000 | 28,313 | 168.5 | 7.1 |
| Шпедитерски услуги, царински услуги и брза пошта | 5,650 | 200,000 | 21,794 | 385.7 | 10.9 |
| Трошоци за противпожарна заштита ( полнење на ПП боци, сервисирање на ПП апарати) | 0 | 800,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Останати услуги, занаетчиски и сл. | 0 | 20,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за фотокопирање | 743 | 30,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 11** | **193,326** | **2,100,000** | **280,885** | **145.3** | 13.4 |
| ***12)Трошоци за амортизација*** | | | | | |
| Амортизација на основни средства | 15,651,105 | 68,000,000 | 15,787,742 | 100.9 | 23.2 |
| Резервирања врз основ на судски спорови | 5,841,332 | 0 | 5,620,328 | 96.2 | 0.0 |
| **Вкупно 12** | **21,492,437** | **68,000,000** | **21,408,070** | **99.6** | **31.5** |
| ***13)Вредносно усогласување (обезвреднување) и траен отпис*** | | | | | |
| Вредносно усогласување на вложувања,ревалоризација на обврски,побарувања од купувачите и отпис на побарувања (РДТ и други побарувања) и останато | 179,277,756 | 20,000,000 | 703,636,113 | 392.5 | 3,518.2 |
| **Вкупно 13** | **179,277,756** | **20,000,000** | **703,636,113** | **392.5** | **3,518.2** |

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.10-31.12.2018г. | Финансиски план 2019г. | Остварување 01.10-31.12.2019г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| ***14)Трошоци за реклама, промоција, пропаганда и репрезентација*** | | | | | |
| Трошоци за промоција и пропаганда | 0 | 50,000 | 44,467 | 0.0 | 88.9 |
| Трошоци за репрезентација | 230,745 | 550,000 | 359,172 | 155.7 | 65.3 |
| **Вкупно 14** | **230,745** | **600,000** | **403,639** | **174.9** | 67.3 |
| ***15)Премии за осигурување*** | | | | | |
| Премии за осигурување | 58,468 | 1,700,000 | 293,400 | 501.8 | 17.3 |
| **Вкупно 15** | **58,468** | **1,700,000** | **293,400** | **501.8** | 17.3 |
| ***16)Банкарски услуги и трошоци во платен промет*** | | | | | |
| Такси за истакнување фирма | 0 | 10,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Банкарски услуги | 138,193 | 900,000 | 165,286 | 119.6 | 18.4 |
| **Вкупно 16** | **138,193** | **910,000** | **165,286** | **119.6** | **18.2** |
| ***17)Останати трошоци од работење*** | | | | | |
| Услуги за атестирање,мерење, изработка на елаборат за безбедност и заштита при работа и сл. | 0 | 300,000 | 208,953 | #DIV/0! | 69.7 |
| Трошоци за стручна литература и списанија | 10,940 | 50,000 | 16,513 | 150.9 | 33.0 |
| **Вкупно 17** | **10,940** | **350,000** | **225,466** | **2,060.9** | **64.4** |
| ***18)Трошоци за надомест и други примања на членови на надзорен одбор, одбор на директори и управители*** | | | | | |
| Надомест за членови на Надзорен одбор и Програмски совет | 1,547,322 | 5,500,000 | 1,988,287 | 128.5 | 36.2 |
| **Вкупно 18** | **1,547,322** | **5,500,000** | **1,988,287** | **128.5** | **36.2** |
| ***19)Даноци, судски такси и друго*** | | | | | |
| Даноци | 178,583 | 4,000,000 | 201,833 | 113.0 | 5.0 |
| Судски трошоци и административни такси | 35,633 | 1,000,000 | 262,229 | 735.9 | 26.2 |
| Останати трошоци и услуги од работење | 0 | 250,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 19** | **214,216** | **5,250,000** | **464,062** | **216.6** | **8.8** |
| ***20)Казни,пенали,надомест на штети*** | | | | | |
| Казни, пенали, надомест на штети | 307,500 | 600,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 20** | **307,500** | **600,000** | **0** | **0.0** | **0.0** |
| ***21)Дополнително утврдени расходи од минати години*** | | | | | |
| Дополнително утврдени расходи од минати години | 2,498,390 | 17,000,000 | 1,394,495 | 55.8 | 8.2 |
| **Вкупно 21** | **2,498,390** | **17,000,000** | **1,394,495** | **55.8** | **8.2** |
| ***22)Камати од работење и затезни камати*** | | | | | |
| Камати од работење и затезни камати | 5,330,906 | 28,000,000 | 1,276,573 | 23.9 | 4.6 |
| Камати од неплатени јавни давачки | 60,857,016 | 0 | 3,024,510 | | |
| **Вкупно 22** | **66,187,922** | **28,000,000** | **4,301,083** | **6.5** | **15.4** |
| ***23)Негативни курсни разлики*** | | | | | |
| Негативни курсни разлики | 513,362 | 3,500,000 | 16,543 | 3.2 | 0.5 |
| **Вкупно 23** | **513,362** | **3,500,000** | **16,543** | 3.2 | 0.5 |
| **Вкупно заеднички трошоци** | **289,629,148** | **256,230,000** | **766,152,677** | **264.5** | **299.0** |

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.10-31.12.2018г. | Финансиски план 2019г. | Остварување 01.10-31.12.2019г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| **Програмски права** | | | | | |
| ***24)Програмски права*** | | | | | |
| Права за филмови | 5,368,514 | 15,000,000 | 6,711,730 | 125.0 | 44.7 |
| Останати програмски права | 2,020,408 | 28,000,000 | 17,381,445 | 860.3 | 62.1 |
| Надомест за фестивал ЕВРОСОНГ | 0 | 2,500,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Надомест за фестивали | 307,475 | 500,000 | 307,434 | 100.0 | 61.5 |
| Права за спортски настани | 4,473,050 | 18,000,000 | 3,903,841 | 87.3 | 21.7 |
| Надомест за откуп на програми од независни продуценти | 6,168,497 | 8,000,000 | 1,814,250 | 29.4 | 22.7 |
| Копродукциски проекти | 35,737,435 | 67,500,000 | 45,972,428 | 128.6 | 68.1 |
| **Вкупно 24-програмски права** | **54,075,379** | **139,500,000** | **76,091,128** | **140.7** | **54.5** |
| **Останати трошоци од работење** | | | | | |
| ***25)Наемнини*** | | | | | |
| Останати наемнини (наем на опрема и недвижнини) | 44,898 | 600,000 | 74,848 | 166.7 | 12.5 |
| **Вкупно 25** | **44,898** | **600,000** | **74,848** | **166.7** | **12.5** |
| ***26)Останати трошоци од работење*** | | | | | |
| Адвокатски и нотарски услуги | 51,570 | 700,000 | 254,961 | 494.4 | 36.4 |
| Ревизија на финансиски извештаи | 0 | 1,000,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Услуги за вештачење | 0 | 200,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Носачи на аудио и видео материјал-промотивни материјали | 11,705 | 0 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Технички услуги | 0 | 1,500,000 | 768,964 | 0.0 | 51.3 |
| Трошоци за опремување сцена | 193,856 | 2,500,000 | 811,627 | 418.7 | 32.5 |
| Интелектуални услуги (преведувачки услуги,изработка на проекти,елаборати, стручни мислења и слично) | 428,430 | 4,300,000 | 1,507,512 | 351.9 | 35.1 |
| Информативни услуги од агенции во земјата и странство | 0 | 50,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Авторски договори-авторска агенција | 2,619,722 | 11,000,000 | 4,119,740 | 157.3 | 37.5 |
| Трошоци за проект Евровизија | 822,525 | 8,000,000 | 1,013,477 | 123.2 | 12.7 |
| Трошоци за судски извршители | 405,318 | 2,700,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 26** | **4,533,126** | **31,950,000** | **8,476,281** | **187.0** | **26.5** |
| ***27)Членарини, котизации,такси,ЗАМП,останати услуги*** | | | | | |
| Годишни членарини - (ЕБУ, ЦИРКОМ, ЕРНО) | 2,213,490 | 10,000,000 | 2,325,428 | 105.1 | 23.3 |
| Котизации и акредитации | 0 | 300,000 | 132,923 | 0.0 | 44.3 |
| Останати услуги од работење | 0 | 200,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Мало авторско право (ЗАМП) | 10,173,252 | 14,000,000 | 3,356,718 | 33.0 | 24.0 |
| **Вкупно 27** | **12,386,742** | **24,500,000** | **5,815,069** | **46.9** | **23.7** |
| ***28)Материјали и услуги за дигитализација*** | | | | | |
| Набавка на дигитални технички материјали и услуги | 7,500 | 300,000 | 17,997 | 240.0 | 6.0 |
| **Вкупно 28** | **7,500** | **300,000** | **17,997** | **240.0** | 6.0 |
| **Вкупно останати трошоци од работење** | **16,972,266** | **57,350,000** | **14,384,195** | **84.8** | **25.1** |
| **А.ВКУПНО ТРОШОЦИ (од точка 1 до точка 28)** | **455,091,162** | **876,000,000** | **974,627,511** | **214.2** | **111.3** |
| **Б.ИНВЕСТИЦИИ** | | | | | |
| Набавка на опрема и инвестиции | 5,847,292 | 56,500,000 | 46,147,630 | 789.2 | 81.7 |
| **Б.ВКУПНО ИНВЕСТИЦИИ:** | **5,847,292** | **56,500,000** | **46,147,630** | 789.2 | 81.7 |
| **ВКУПНО РАСХОДИ (А+Б)** | **460,938,454** | **932,500,000** | **1,020,775,141** | **221.5** | **109.5** |

## Состојба на жиро сметки на ЈРП МРТ на 31.12.2019г.

Состојбата на *денарските* сметки на ЈП МРТ на 31.12.2019 година изнесува:

- Комерцијална банка 429.486 денари
- Халк банка 200.225 денари
- Тутунска банка 158.424 денари
- Стопанска банка 408.691 денари
- Шпаркасе банка 316.677 денари
- Еуростандард банка 388.583 денари
- Алфа банка 36.648 денари
- Прокредит банка 520.231 денари

***Вкупно на сметки : 2.458.965 денари***

**Состојбата на девизните сметки на ЈРП МРТ на 31.12.2019 година изнесува:**

| | | |
|---|---|---|
| ○ Стопанска банка | 155 | УСД |
| ○ Комерцијална банка | 7.123 | ЕУР |
| | 5.841 | АУД |
| | 628 | ЦХФ |
| | 139 | ДКК |
| ○ Прокредит банка | 21.818 | ЕУР |

## СОСТОЈБА НА ПОБАРУВАЊАТА НА ЈРП МРТ НА 31.12.2019 ГОДИНА

### РЕКАПИТУЛАР НА ВКУПНИТЕ ПОБАРУВАЊА НА ЈРП МРТ ОД КУПУВАЧИ ВО ЗЕМЈАТА И СТРАНСТВО НА 31.12.2019 ГОДИНА

| ОПИС | Состојба на 31.12.2018 | Состојба на 31.12.2019 | Индекси |
|---|---|---|---|
| **1** | **2** | **3** | **4(3/2)*100** |
| **Побарувања од купувачите во земјата** | 2,111,875,999 | 2,101,859,458 | 99.5 |
| **Побарувања од купувачите во странство** | 38,831,311 | 39,207,897 | 101.0 |
| **Вредносно усогласување на побарувањата од купувачите** | -1,427,951,342 | -2,127,593,651 | 149,0 |
| **Вкупно:** | **722,755,968** | **13,473,704** | **1.9** |

Побарувања од купувачите во земјата

| ОПИС | Состојба на 31.12.2018 | Состојба на 31.12.2019 | Индекси |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4(3/2)*100 |
| - редовни побарувања | 2,060,797,572 | 2,048,061,769 | 99.4 |
| - побарувања за кои се поведени судски постапки за присилна наплата | 51,078,427 | 53,797,689 | 105.3 |
| - вредносно усогласување на побарувањата од купувачите во земјата | -1,387,564,816 | -2,089,066,469 | 150.6 |
| **Вкупно:** | **724,311,183** | **12,792,989** | **1.8** |

Вкупните ненаплатени побарувања од купувачите во земјата (заедно со вредносното усогласување на истите) со состојба на 31.12.2019 година изнесуваат вкупно 12.792.989 денари, а се однесуваат на следните видови услуги:

| ОПИС | Состојба на 31.12.2018 | Состојба на 31.12.2019 | индекси |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4(3/2)*100 |
| - ненаплатени побарувања по основ на радиодифузна такса (обврска на УЈП) | 2,050,247,582 | 2,040,879,236 | 99.5 |
| - радио и телевизиски реклами | 7,629,921 | 3,367,665 | 44.1 |
| - закуп на основни средства | 95,310 | 146,302 | 153.5 |
| - побарувања од корисници на Кулата на МРТ (вода,струја,спогодби) | 2,824,759 | 3,058,135 | 108.3 |
| - побарувања по основ на спогодби | 0 | 610,431 | 0.0 |
| - тужени побарувања (за реклами,закупнини и др.) | 51,078,427 | 53,797,689 | 105.3 |
| - вредносно усогласување на побарувањатаод купувачите во земјата за 2019г | -1,387,564,816 | -2,089,066,469 | 150.6 |
| **Вкупно:** | **724,311,183** | **12,792,989** | **1.8** |

## Побарувања од купувачите во странство

Вкупните ненаплатени побарувања од купувачите во странство со состојба на 31.12.2019 година изнесуваат вкупно 680.715 денари и истите се однесуваат на следните видови услуги:

| ОПИС | Состојба на 31.12.2018 | Состојба на 31.12.2019 | индекси |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4(3/2) |
| - Купувачи во странство (тужени побарувања од отстапени права) | 34,558,595 | 35,035,082 | 101.4 |
| - ТВ услуги | 540,073 | 539,993 | 100.0 |
| - технички услуги | 2,927,038 | 2,810,181 | 96.0 |
| - побарувања од закупнини | 16,786 | 16,784 | 100.0 |
| - отстапени права | 370,289 | 120,358 | 32.5 |
| - фестивали во странство | 155,285 | 413,675 | 266.4 |
| - побарувања од спонзорства во странство | 263,245 | 271,824 | 103.3 |
| - вредносно усогласување на побарувањата од купувачите во странство за 2019г | 0.0 | -38,527,182 | 0.0 |
| **Вкупно:** | **38,831,311** | **680,715** | **1.8** |

## РЕКАПИТУЛАР НА ВКУПНИТЕ ОБВРСКИ НА ЈРП МРТ НА 31.12.2019 ГОДИНА

| ОПИС | состојба на 31.12.2018 год. | состојба на 31.12.2019 год. |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 |
| **Краткорочни обврски** | **668,836,292** | **542,063,695** |
| Обврски кон добавувачите во земјата | 97,103,954 | 100,124,018 |
| Обврски кон добавувачите во странство | 34,782,398 | 13,066,040 |
| Обврски за примени аванси од купувачи | 81,190 | 79,257 |
| Краткорочни обврски за даноци (ДДВ,ДД,ПД), даноци и придонеси за плата, камати по истите и сл. | 204,385,690 | 147,267,252 |
| Обврски спрема вработените | 21,037,418 | 24,184,897 |
| Обврски за авторски договори | 1,363,433 | 1,303,434 |
| Краткорочни обврски МФ (доспеана камата и главен долг за Лондонски и Париски клуб) | 191,805,056 | 172,600,320 |
| Останати краткорочни обврски | 616,171 | 572,558 |
| Краткорочни обврски за заеми (камата и главен долг АД Аеродроми) | 53,335,671 | 12,920,280 |
| Резервирања врз основ на судски спорови (камата и главен долг ММИ) | 64,325,311 | 69,945,639 |
| **Долгорочни обврски** | **239,969,443** | **189,080,710** |
| Долгорочни обврски кон добавувачи во земјата | 18,945,865 | 14,657,025 |
| Долгорочни кредити и заеми (АД Аеродроми) | 221,023,578 | 174,423,685 |
| **ВКУПНО ОБВРСКИ** | **908,805,735** | **731,144,405** |

Вкупните обврски на 31.12.2019 година изнесуваат 731.144.405 денари и истите во однос на состојбата на 31.12.2019 година се намалени за 177.661.330 денари. Ова е значителен износ на намалување на износот на вкупните обврски и тоа како резултат на превземените активности за подмирување на заостанатиот долг но и навремено сервисирање на новосоздадените/тековните обврски согласно предвидливиот прилив кој го добива МРТ од Министерството за информатичко општество и администрација.

## СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈРП МРТ НА 31.12.2019 ГОДИНА

Состојбата на вработените во ЈРП МРТ на 31.12.2019 год. изнесува вкупно 768 лица, што е помалку за 16 лица или 2.0% во однос на состојбата на 30.09.2019 година.

СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈРП МРТ НА 31.12.2019 ГОДИНА ПО КВАЛИФИКАЦИИ

| состојба на | д-р | м-р | ВСС | ВС | ССС | ВКВ | КВ | НСС | ВКУПНО | разлика |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 30.09.2019 | 0 | 28 | 325 | 23 | 364 | 0 | 31 | 13 | 784 | |
| 31.12.2019 | 0 | 28 | 319 | 22 | 355 | 0 | 31 | 13 | 768 | -16 |
| структура 31.12.2019 г.(%) | 0.0 | 3.6 | 41.5 | 2.9 | 46.2 | 0.0 | 4.0 | 1.7 | 100.0 | -2.0 |

СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈРП МРТ НА 31.12.2019 ГОДИНА ПО НАЦИОНАЛНОСТ

| состојба на | македонци | албанци | турци | срби | власи | роми | бошњаци | црногорци | останато | ВКУПНО | разлика |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 30.09.2019 | 561 | 148 | 28 | 25 | 8 | 4 | 4 | 3 | 3 | 784 | |
| 31.12.2019 | 545 | 152 | 27 | 23 | 8 | 4 | 4 | 2 | 3 | 768 | -16 |
| структура 31.12.2019 г.(%) | 71.0 | 19.8 | 3.5 | 3.0 | 1.0 | 0.5 | 0.5 | 0.3 | 0.4 | 100.0 | -2.0 |

Во текот на периодот октомври-декември 2019 година во МРТ нема новопримени лица со засновање на работен однос. Во истиот период вкупно 16 лица го прекинале договорот за вработување со МРТ и тоа:

- по основ на остварување на правото за пензионирање вкупно 11 лица од кои 3 новинари (2 со ВСС и 1 со ССС), 1 монтажер со ССС, 1 сниматeл - камерман со ССС, 1 продуцент со ССС, 1 графички дизајнер со ССС, 1 раководител на РА техника со ВСС, 1 раководител на одделение на ВЕБ со ССС, 1 техничар во ТВ продукција со ССС и 1 технички секретар со НСС;
- со отказ на договорот за вработување без отказен рок заминати се 2 лица (1 стручен соработник со ВСС и 1 продуцент со ССС);
- со решение за мирување на работниот однос поради привремено извршување на функцијата во државна институција (Агенција за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер), заминат е 1 новинар со ВСС, додека пак 2 лица (1 режисер со ВСС и 1 монтажер со ССС) се починати.

Скопје, Март 2020 година